ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ ИНОВАЦИИ

Ул. Рајко Жинзифов бр.50 1-2/23,
1000 Скопје, Република Македонија
тел. +389 2 3317 3072
Е-пошта: info@blink42-21.mk
www.blink42-21.mk

За објава на
22- ви Септември , 2021
Контакт лице: Марија Василевска
Контакт телефон: 071231088

СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ

Скопскиот регион со 21% отвореност, во споредба со Југоисточниот со 34%

Центарот за социјални иновации Блинк 42-21, е една од осумте организации кои заедно со Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис, во периодот од 1 јуни до 15 јули 2021, направи проценка на состојбата на доброто владеење на 10 општини од Скопскиот планински регион, и Градот Скопје за 2021 година. Проценката е резултат на истражување засновано врз Индексот на отвореност. Покрај општините од Скопскиот регион во истражувањето влегоа и останатите општини од државата, или вкупно 80 општини и градот Скопје. Истражувањето е дел од Проектот на УСАИД за граѓанско учество.

Заклучоци покажуваат дека повеќето општини не работат доволно за да ги задоволат стандардите за отвореност. Единиците на локалната самоуправа применуваат ниски стандарди за консултации, транспарентност, мониторинг и контрола во нивното работење.

Скопскиот регион е на претпоследното место на листата на региони во поглед на отвореноста, или има отвореност од 21%. Највисоко рангиран е Југоисточниот регион со 34%. На скалата на најотворените општини од овој регион се најдоа општина Карпош, Ѓорче Петров и Центар. Општината Гази Баба е помеѓу првите 10 општини во областа пристапност, а општината Карпош е високо рангирана во делот на финансиска транспарентност. Дополнително, регионот е рангиран на ниско ниво во поглед на интегритетот. Подобра оценка регионот има за својата интеракција и јавните консултации со граѓаните.

“Во периодот на истражувањето ги следевме веб-страниците на општините според дефинирани индикатори кои ни служеа како насоки за мерењето. Доставени беа и прашалници до општините за да се потврдат наодите добиени од онлајн мониторингот. Процесот на мониторингот беше интересен, но и проследен со предизвици поради ограниченото пристап до информации на веб страните на некои од општините. Она кое што си го помислував во процесот беше, дали информациите кои ние јас ги наоѓам на веб страните се подеднакво

достапни до сите членови на нашата заедница. Сепак сето ова го правиме токму за нив.”- вели Марија Василевска од Центарот за социјални иновации Блинк 42-21.

Потребно е општините повеќе да работат на зголемување на отвореноста и нивното работење да го засноваат врз принципите на транспарентност, отчетност и учество. Новите услови на живеење наметнати од пандемијата со КОВИД-19 создаваат потреба локалните власти да објавуваат повеќе податоци и континуирано да работат на создавање на нови канали за дијалог и соработка со граѓаните и другите засегнати страни. Целосните резултати од Проценката ќе бидат објавени на 23 Септември 2021.